# З А К О Н
# ЗА ЛИЧНОТО ИМЕ*

## Редакциски пречистен текст[1]

### Член 1
Личното име е лично право на граѓанинот.

Граѓанинот се служи со личното име, што му е запишано во матичната книга на родените.

### Член 2
Личното име се состои од име и презиме, а самото име или презиме може да содржи повеќе зборови.

Со личното име не смее да се навредува јавниот морал.

### Член 3
Личното име на детето го определуваат родителите спогодбено.

Презимето на детето се определува според презимето на еден или двата родитела, освен ако родителите не определат детето да носи некое друго презиме.

Ако родителот не е жив или не е во можност да ги врши родителските права или е непознат, личното име на детето го определува другиот родител.

Ако родителите не се живи или не се во можност да ги вршат родителските права, личното име на детето го определува надлежниот орган за старателство, односно старателот со согласност од надлежниот орган за старателство, според презимето на еден или двата родитела.

Во случаите кога родителите не се спогодат во определувањето на личното име на детето или се непознати, личното име на детето го определува надлежниот орган за старателство, односно старателот со согласност од надлежниот орган за старателство.

### Член 4
Личното име на посвоено дете го определуваат посвоителите.

Ако посвоеното дете има лично име, посвоителите можат при посвојувањето да го определат своето или друго презиме освен ако со актот за посвојување не е определено посвоеникот да го задржи своето презиме или на своето презиме да го додаде презимето на посвоителите.

### Член 5
Граѓанинот има право да го промени личното име, односно само името или презимето.

---

*Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ, CELEX бр. 32014R0910

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за личното име ги опфаќа: основниот текст на Законот објавен во "Службен весник на РМ" бр.08/95, Законот за изменување и дополнување на Законот за личното име, објавен во "Службен весник на РМ" бр.66/07, Законот за дополнување на Законот за личното име, објавен во "Службен весник на РМ" бр.103/08, Законот за изменување и дополнување на Законот за личното име, објавен во "Службен весник на РМ" бр.51/11, Законот за дополнување на Законот за личното име, објавен во "Службен весник на РМ" бр.154/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за личното име, објавен во "Службен весник на РМ" бр.55/16, Законот за изменување на Законот за личното име, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.302/20 и Законот за изменување и дополнување на Законот за личното име, објавен во "Службен весник на РМ" бр.67/22, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

На малолетно лице ќе му се промени личното име, односно само името или презимето на барање од родителите или посвоителите, односно на старателот со согласност од надлежниот орган за старателство.

Ако се бара промена на личното име за дете кое наполнило 10 години живот, потребна е и негова согласност.

**Член 6**

Нема да му се одобри промена на личното име, односно само на името и презимето на лице против кое се води кривична постапка за кривично дело кое се гони по службена должност или на лице кое е осудено за такво кривично дело, додека казната не е извршена или додека траат правните последици на осудата, како и на лице кое не ги регулирало имотноправните и други законски обврски од брачниот однос и од односот на родители и деца кон лица кои живеат во Република Северна Македонија.

Овластеното службено лице од Министерството за внатрешни работи кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од членот 7 став (1) од овој закон да ги побара доказите и податоците кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од ставот (1) на овој член.

Овластено службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот (2) на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

**Член 7**

Барањето за промена на личното име со потребната документација се поднесува до Министерството за внатрешни работи. Барањето со потребната документација може да се поднесе и во електронска форма преку квалификувана електронска препорачана достава со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Кон барањето од ставот 1 на овој член подносителот приложува:

- доказ за проверка на идентитетот на подносителот (лична карта или патна исправа);
- доказ за уредно наплатена административна такса;
- согласност од малолетно дете за кое се бара промена на личното име доколку истото има наполнето 10 години и
- уредно полномошно, доколку барањето за промена на личното име е поднесено преку полномошник.

Доказите од ставот 2 на овој член, кои може да се прибават од Централниот регистар на население или од друг надлежен орган, Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Ако барањето за промена на личното име се однесува на малолетно дете, барањето се поднесува од страна на двајцата родители, освен во случај на отсуство односно спреченост на едниот родител, кога може да се приложи изјава заверена на нотар или во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство.

Министерството за внатрешни работи донесува решение за промена на личното име во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за промена на личното име, кое може да се донесе и во форма на електронски документ кој се доставува и на

профилот на подносителот на барањето на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена од подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Министерот за внатрешни работи ќе донесе подзаконски пропис за формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член.

Конечното решение за промена на личното име се доставува на органи и организации кои со закон се должни да водат евиденција со податоци за личното име на граѓанинот и преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

**Член 8**

Глоба во износ од 15 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое не се служи со личното име што му е запишано во матичната книга на родените (член 1).

**Член 8-а**

За прекршокот предвиден со одредбата од членот 8 на овој закон прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја.

Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

**Член 8-б**

Глоба во износ од 15 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Министерството за внатрешни работи ако не ги побара доказите во рок утврден во членот 6 став (2) од овој закон.

Глоба во износ од 15 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците ако не ги достави бараните докази и податоци во рокот утврден во членот 6 став (3) од овој закон.

**Член 8-в**

За прекршоците утврдени во член 8-б од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд..

**Член 9**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за личното име („Службен весник на СРМ" број 30/72, 41/85, 51/88 и 19/90).

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

***Завршна одредба***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за личното име***
***(„Службен весник на РМ" бр.66/07)***

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***Преодни и завршни одредби***
***од Законот за дополнување***
***на Законотза личното име***
***(„Службен весник на РМ" бр.103/08)***

**Член 2**

Подзаконскиот пропис предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***Преодни и завршни одредби***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за личното име***
***(„Службен весник на РМ" бр.51/11)***

**Член 3**

Подзаконскиот акт од членот 2 став 6 на овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по три месеци од денот на неговото влегување во сила.

***Завршна одредба***
***од Законот за дополнување***
***на Законот за личното име***
***(„Службен весник на РМ" бр.154/15)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***Преодни и завршни одредби***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за личното име***
***(„Службен весник на РМ" бр.55/16)***

**Член 4**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

***Преодни и завршни одредби од Законот за изменување на Законот за личното име („Службен весник на РСМ" бр.302/20)***

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

***Преодни и завршни одредби од Законот за изменување на Законот за личното име („Службен весник на РСМ" бр.67/22)***

**Член 2**

Подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за личното име („Службен весник на Република Македонија" број 8/1995, 66/2007, 103/2008, 51/11, 154/15, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 302/20), ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 3**

Овој закон престанува да важи со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.